Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 0801-278/3
07.07.2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-2781 од 26.09.2019 поднесена од [redacted] од Скопје против интернет порталот dokazmakedonija.mk и [redacted] од Скопје за сторена дискриминација врз основа на брачна состојба, личен и општествен статус, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 05.07.2021 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на пол, род, брачен статус, личен и општествен статус во од страна на интернет порталот dokazmakedonija.mk и [redacted] од Скопје, со место на живеење на [redacted] врз [redacted] од Скопје, со место на живеење на ул. [redacted]

## Образложение

На 26.09.2019 до Комисијата за заштита од дискриминација е доставена претставка за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус и семејна и брачна состојба од страна на [redacted] од Скопје, против интернет порталот dokazmakedonija.mk и [redacted] од Скопје. Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон, односно истите ќе бидат преземени и завршени од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во претставката подносителката наведува дека лицето [redacted] од Скопје во континуитет на својот интернет портал dokazmakedonija.mk објавува текстови со невистинити и вознемирувачки содржини, кои ја нарушуваат приватноста и вршат вознемирување на подносителката. Како поткрепа на ова тврдење заедно со претставката има доставено и копии од објавите на интернет порталот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителката веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 25.05.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување бр. 0801-278/2 до интернет порталот dokazmakedonija.mk и лицето [redacted] од Скопје, кој согласно проверката на домејнот на порталот, се јавува како сопственик на порталот, со барање за писмено произнесување на наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

Во рамките на законски предвидениот рок потенцијалниот дискриминатор не достави никакво произнесување по добиената претставка.

Видно од доставените докази на интернет порталот dokazmakedonija.mk повеќе месеци во континуитет се објавувани статии и наслови за подносителката кои имаат за цел повреда на

достоинството и создавање понужувачка атмосфера кон подносителката, врз основа на повеќе дискриминаторски основи, односно претставуваат вознемирување согласно чл. 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Имено, на 10.11.2018 на посочениот интернет портал објавена е сторија со наслов "Триесет дена притвор за [redacted], ех да ти тата каже сине, [redacted] сега не мораат да ја снимаат растур ќе се прави", а на 14.09.2019 на истиот портал објавена е сторија со наслов "[redacted] раширила нозе на ваше наше и негово задоволство".

Согласно чл. 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Сексуално вознемирување е каков било облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.*

Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените во членот 2, став Д пропишува дека *државите членки ја осудуваат дискриминацијата на жените во сите видови, согласни се да ја спроведуваат, со сите соодветни средства што им стојат на располагање и без одлагање, политиката на отстранување на дискриминација на жените и за таа цел се обврзуваат да ги преземат сите потребни мерки заради отстранување на дискриминација на жените од страна на кое било лице, организација или претпријатие.*

Иако во претставката подносителката пријавува дискриминација врз основа на личен или општествен статус и семејна или брачна состојба, согласно наводите и доказите кон претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење и утврди вознемирување врз основа на пол, род, брачен статус, личен и општествен статус од страна на интернет порталот dokazmakedonija.mk и сопственикот на порталот [redacted] од Скопје.

Членот 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, предвидува обврска на Комисијата да препорача начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката има должност да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото наеднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

П Р Е П О Р А К А

**Се препорачува** отстранување на вознемирувачките содржини со наслов "Триесет дена притвор за [redacted], ех да ти тата каже сине, [redacted] сега не мораат да ја снимаат растур ќе се прави" и "[redacted] раширила нозе на ваше наше и негово задоволство", објавени на порталот dokazmakedonija.mk на 10.11.2018 и 14.09.2019 најдоцна во рок од 3 дена од приемот на ова мислење. Комисијата го препорачува овој скратен рок за постапување заради тоа што овие содржини претставуваат продолжено вознемирување и се уште се јавно достапни на веб портал кој е достапен до поголема популација.

Дополнително се препорачува во иднина порталот dokazmakedonija.mk да се воздржи од објавување вознемирувачки и дискриминаторски содржини врз основа на пол, род, брачна состојба, личен и оштествен статус, како и врз било која друга дискриминаторска основа.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сѐ до нивното исполнување. Доколку субјектот кон кој е упатена Препораката не постапи по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
06.07.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:

- [redacted] Скопје
- [redacted]